ОПШТИНА НОВАЦИ

Предлагач: Градоначалник на Општина Новаци
Г-дин Стевче Стевановски

Изготвувач:
Одделение за финансиски прашања
Општина Новаци

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2024 ГОДИНА

Новаци, Март, 2025 год.

1.ВОВЕД
1.1.Основни податоци за Општина Новаци
Број на жители 2670
Површина 753 км2
Населени места 41
Економски параметри на Општина Новаци

Вкупната аграрна површина во Општината е околу 70.000.ха од кои на на обработлива отпаѓа 23.000 ха; пасишта 30.000 ха и шуми 17.000 ха. Тоа е инзвонреден предуслов за развој на земјоделието, сточарството и производсвото на здрава храна .

Сите населени места се од рурален карактер - селски населби.

Општината има поволна геогравска положба и добра сообраќајна поврзаност со сите поголеми центри во државата.

Стопанството во општина Новаци можеме да кажеме дека оди во нагорна линија , но треба поголемо внимание да му се посвети на приватниот сектор и малите и средни претпријатија, кои во иднина ќе влијаат на создавањето на општествениот производ.

Природните услови што ги дава Битолското поле овозможуваат непречен развој на земјоделството и сточарството. Покрај нив во последниве години започнува да навлегува и индустријата , со преработувачки претпријатија на земјоделски култури, руда, вода и гас , трговија и угостителство.

Економијата во општина Новаци главно се заснива на земјоделството кое е застапено преку полјоделството , сточарството во поголем обем , лозарството и овоштарството во помал обем.

Земјоделството во општината иако е основно занимање кај населението, сепак е со ниска развиеност бидејќи инфраструктурните услови се на ниско ниво.Сепак, земјоделието е перспективна гранка за развој на општината, бидејќи тука се наоѓа најплодното земјиште во Републиката од кое се остваруваат највисоки приноси од житните култури.

Сточарството е застапено преку чување на крупен добиток (крави и телиња) во домашни услови и напасување, одгледување на ситен добиток (овци, кози,свињи) , а во многу мал обем и живинарство.

Новаци е рурална општина во која се лоцирани добар број земјоделски и индустриски капацитети, од кои позначајни се :, РЕК -Битола,, , ДООЕЛ ,,ФОД-Новаци”- фабрика за опрема и делови ;ЗК ,, Пелагонија,, , ЗС,, Новаци,, , ДОО ,, Стентон-градба, ,, , Фабрика за производство на природна минерална вода,, Гермијанка,, и др.

Приоритети на општината се :

1.Унапредување и развој на земјоделието;

2.Намалување на невработеноста и поддршка на локланите бизниси;

3.Урбанизам и заштита на животната средина;

4.Образование, спорт и туризам;

1.2. Буџет за 2024 година и Одлука за извршување на Општината

Буџетот на Општина Новаци за 2024 година и Одлуката за негово извршување се донесени на Седницата на Советот на Општина Новаци одржана на 28.12.2023 година.

Во текот на 2024 година се извршени неколку измени и дополнувања на Буџетот.

2.ГОДИШНА СМЕТКА

Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа(Сл. весник на РМ бр.61/04 и 96/04), член 34 укажува на на тоа дека Советот на општината задолжително усвојува годишен извештај.

Во врска со точка 2 од член 34 од горе споменатиот закон годишниот извештај содржи:
-годишна сметка ,
-извештај за средствата,побарувањата,обврските и изворите на средствата и нивната вредност,
-извештај за реализација на инвестиционите програми,наменските, капиталните и блок дотациите и дотациите за делегирани надлежности

2.1. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИТЕ

На ставка 711-Данок на доход ,од добивка и од капитални добивки планирани се 1.418.153,00 денари за 2024 година а се оствариле 1.580.598,00 денари или во проценти**111,45%.**

Во оваа група спаѓаат : Данок на плати на вработени лица –корисници на буџет и на РМ, ЕЛС ,данок на плати на вработени лица кои не се корисници на буџет и данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност.

На ставка713-Даноци на имот планираните 5.433.347,00 денари, остварени се 4.029.928,00 денари или изразено во проценти **74,17%.**

На ставка 717-Даноци на специфични услуги се остварени 9.233.500,00 денари, а биле планирани на 2.811.086,00 денари или во проценти **30,44%**.

На ставка 718- Такси за корисење или дозволи за вршење на дејност планирани 10.000,00 денари,остварени 0 денари или 0%.

На ставка 722-Судски и административни такси од планираните 220.000,00 денари остварени се 195.268,00 денари или **88,76%.**

На ставки 723-Административни такси и надоместоци биле планирани 1.475.000,00 денари а се остварени 939.755,00 денари.

На ставка 724-Други владини услуги од планираните 10.000,00 остварени се 0 денари**.** Во оваа група има приход од тендери, и надомест за урбанистички планови.

На ставка 725 – Други неданочни приходи каде се планирани приходи од тековни донации и други неданочни приходи имало планирано 1.660.000,00 денари а се оствариле 1.376.176,00 денари или **82,90%.**

На ставка733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања имаме од планираните 57.455.654,00 денари остварени се 60.226.006,00 денари или **104,82%.**Во оваа група на приходи спаѓаат надоместокот за концесии за експлоатација на минерални суровини по основ на простор и надоместокот за концесија на минерална суровина по основ на екплоатираност на суровината.

На ставка 741 - Трансфери од други нивоа на власт планираните 119.097.263,00 ДЕНАРИ се остварени 116.809.024,00 денари **98,08%.**

Тука спаѓаат пренесениот вишок на приходи, трансферите од буџетите на фондовите, приходот од дотации од ДДВ и капитални трансфери.

Во глобални рамки буџетот на Општина Новаци се планирал со 212.812.917,00 денари а се остварил со 168.238.526,00 или во проценти **79,09%.**

2.2. Расходи на Општината реализирани според потпрограми

АО-Совет на општина Новаци

На оваа програма од планирани 11.750.683,00 денари се остварени трошоци на износ од 10.828.600,00 или во проценти **92,15%.**

На група 40-Плати наемнини и надоместоци каде спаѓаат надоместоците на советниците и персоналниот данок остварувањето е 96,34%%.
На група 41-Резерви во кои спаѓа тековната резерва а за кој а одлучува советот од планираните 150.000,00 денари има остварување од 58.360,00 денари или во проценти 38,90%.
На група 42-Стоки и услуги остварувањето е 73,32%.
На група 46 - Субвенции и трансфери се остварили 94,39%.
На група 47 – Социјални бенифиции остварувањето е 73,48%.
ДО-Градоначалник
На оваа програма се планирани се 3.440.588,00 денари остварени 2.983.119,00 денари или во проценти **86,70%.**
На група 40-Плати и надоместоци остварувањето е 85,30% и се движи во рамки на планираното за оваа програма.
На група 42-Стоки и услуги остварувањето е во рамки на планираното и изнесува 53,56% а се однесува на патувањата во земјата и во странство.
На група 46- Субвенции и трансфери остварувањењто е 98,55% од планираното.
На групата 47-Социјални бенефиции остварувањето е97,05%.
Г1-Локален економски развој
На група 46- Субвенции и трансфери остварувањењто е 86,10% од планираното.
ЕО-Општинска администрација

На група 40-Плати и надоместоци на вработените во општинската администрација од планирани 20.002.244,00 денари се остварени 19.222.386,00 денари или96,10%.
На група 42-Стоки и услуги, се остварени расходи со 86,96% и се во рамки на планираните трошоци.
На група 46- Субвенции и трансфери се остварени 93,63%.
ЕА-Капитални расходи
На група 48-Капитални расходи има остварување со78,44%.
Ј3-Јавно осветлување
На оваа програма од планираните 4.200.000,00 остварени се 3.988.112,00 денари или со 94,96%.
ЈД- Изградба и реконструкција на патишта, улици и др.
На оваа програма се планирани тршоци 11.032.620,00 денари , се реализирале 1.405.860,00 денари или 5,85%
К4- Културни манифестации
На оваа програма од планираните 100.000,00 денари се реализирани 0.
Ф1- Урбанистичко планирање
На оваа програма од планираните 1.000.000,00 денари, реализирани се 770.778,00 денари со процент на реализација од 77,08%.
Вкупно расходите на Општина Новаци планирани во износ од 212.812.917,00 денари реализирани се во износ од 167.112.867,00 денари или**78,53%.**

3.Извештај за побарувањата ,обврските и изворите на средства и нивната вредност:

Општина Новаци , според сметководствените податоци располага со следниот имот:

- градежни објекти, со сметководствена вредност од 123.796.647,00 ден

- опрема, со сметководствена вредност од 111.465.088,00 ден
- исправка на вредноста 91.826.901,00

Вкупните евидентирани обврски на Општината Новаци за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година ,изнесуваат 26.707.891,00 денари и тоа 24.865.776,00 денари обврски кон добавувачите, обрски за даноци, обрски за плати на вработените за 12-ти месец 1.690.909,00 денари.

Општината има побарувања од граѓаните за данок на имот и фирмарина во износ од 3.459.452,00 денари.

4.ИЗВЕШТАЈ ЗА НАМЕНСКИТЕ ДОТАЦИИ ЗА 2024 ГОДИНА

Наменски средства како блок дотација во износ од 47.084.502,00 денари, наменети се за основното образование и градинка и тоа за платите на вработените во Основното училиште „Славко Лумбарковски„-Новаци и градинката „Бамби„и материјалните трошоци, донирани од Буџетот на Република Македонија (Министерство за образование и Министерство за труд и социјална политика) за периодот од 01.01 до 31.12.2024 година.

4.1. АНАЛИЗА НА ТРОШОЦИТЕ НА КОРИСНИКОТ ЗА НАМЕНСКИТЕ ДОТАЦИИ

Трошоците на корисникот беа наменети за трошење на програмите : Н1-Основно образование и В1-Детски градинки .

На оваа програма биле потрошени 41.745.660,00 денари од планираните 47.084.502,00 денари или остварување на расходите од99,09% . или, потрошени се за плати и наемнини 42.370.381,00 денари, а за стоки и услуги 3.689.080,00 денари.

5.ИЗВЕШТАЈ ЗА СМЕТКАТА ЗА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ НА ЛЈУ- ОУ „ Славко Лумбарковски„-Новаци и градинка„Бамби„

Остварувањето на приходите од планираните 1.090.000,00 денари е 568.219,00 денари.

Остварувањето на расходите кај сметката за самофинансирање од планираните 1.090.000,00 денари , реализирани се 568.219,00 денари или52,18%.

6. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОГРАМИ

Во текот на 2024 година се реализирани следниве проекти **:**

Изградба и реконструкција на патишта и улици,реконструкција на полски патишта,изградба и реконструкција на објекти и друго.

7. ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕ СРЕДСТВА НА ПОСТОЈАНА И ТЕКОВНА РЕЗЕРВА

По основ на постојана резерва од планираните 100.000,00 денари , се реализирани 58.360,00 денари.

По основ на тековна резерва од планираните 50.000,00 денари и, се реализирани 0 денари .

Градоначалник на Општина Новаци

_____